ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION
AND PROTECTION AGAINST
DISCRIMINATION

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-7/4
06.08.2021 год.
Скопје

Постапувајќи по претставка бр. 08-7/1 од 22.01.2020 поднесена од [redacted] од [redacted] против Агенција за администрација за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 07.07.2021 го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

НЕ СЕ УТВРДУВА ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичко уверување од страна на Агенцијата за администрација врз [redacted] од [redacted]

Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 22.01.2020 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted], со место на живеење на [redacted] против Агенцијата за администрација со седиште на адреса ул. Јури Гагарин 15, 1000 Скопје.

Во претставката подносителката [redacted] наведува дека била вработена како [redacted] уште од 2007 година во ромскиот информативен центар во [redacted] во рамките на проект спроведуван и финансиран од Министерството за труд и социјална политика. Нејзината работа била во насока на информирање на ромската заедница во Прилеп во однос на спроведување на политиките произлезени од Стратегија за Роми и Декадата за Роми. [redacted] била вработена со договор за вработување склучен помеѓу приватна агенција за вработување и Министерството за труд и социјална политика за периодот од [redacted]2007 – [redacted]2019 додека работните задачи ги извршувала во ЈУМЦСР – Прилеп. На 12.11.2019 година бил објавен оглас од страна на Агенцијата за администрација со бр.[redacted]/2019 кој предвидувал работно место за вработен/а од македонска етничка заедница во Центарот за социјални работи – [redacted]. Согласно Законот за административните службеници, се спровел испит за административен службеник на [redacted].2019 година. При полагање на испитот, подносителката на претставката тврди дека 10 минути не можела да се логира во компјутерскиот систем за полагање и дека прашањата и биле заменети со прашања за адвокатура која прв пат ги гледа. Дополнително, подносителката тврди дека друг кандидат Ром кој полагал во истата просторија со неа, бил сместен во делот каде што не може да се спроведе видеонадзор и дека одредени службеници му помагале да го положи испитот. Исто така, подносителката тврди дека кандидатот бил со политичко убедување на владејачката партија и дека врз основа на тоа се сомнева дека е дискриминирана врз основа на политичко убедување. Ова тврдење го основа и со фактот што [redacted] години работела на тоа место а по смена на власта, и било ускратено правото за вработување. Дополнително, подносителката на претставката поднела приговор до Агенцијата за администрација кој бил одбиен како неоснован од страна на Комисијата на Агенцијата за

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

администрација за одлучување по жалби и приговори. Подносителката наведува дека и е прекршено правото на еднаков пристап до работа согласно чл. 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 02.03.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-7/2 до Агенцијата за администрација со барање за писмено произнесување на наводите од претставката.

На 29.06.2021 Агенцијата за администрација писмено се произнесе по претставката, негирајќи ги сите наводи содржани во истата. Имено, на [redacted]2019 година е направена административна селекција за која е составен Записник со бр. [redacted]/4 врз основа на кој се утврдува дека од девет апликации, седум се неуредни. Од двата кандидати кои биле со уредна документација, едната кандидатка е подносителката на претставката [redacted] која врз основа на административна селекција добила 15,61 бодови додека кандидатот Т.Џ. добил 23,50 бодови. Согласно Записникот за спроведен административен испит со бр. 10-1951/5 спроведен на 12.12.2019 година, кандидатот Т.Џ. освоил 36,25 бодови додека [redacted] **не го положила испитот.** Врз основа на ова, како единствен кандидат останал Т.Џ за кој е даден предлог за вработување до ЈУМЦСР – Прилеп. Врз основа на предлогот, Директорот на ЈУМЦСР – Прилеп донел Одлука за избор за вработување на административен службеник број [redacted] од [redacted]2019 година. Во однос на прашањата на испитот за административен службеник, од Агенцијата за администрација тврдат дека базата на прашањата се доставува од Министерството за информатичко општество и администрација која се утврдува согласно член 40 од Законот за административни службеници.

Комисијата ги истражи наводите на двете страни во постапката и ги анализираше во однос на утврдување на фактичката состојба потребна за оформување на мислење. Имено, [redacted] поднела приговор до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори во однос на прашањата кои содржеле област поврзана со адвокатура и етничката припадност на Т.Џ. кој се декларирал како Македонец а всушност бил од ромска етничка припадност. Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори констатирала дека не е повреден Законот за административни службеници во поглед на спроведување на постапката за вработување додека за вистинската етничка припадност се констатирало дека Агенцијата за администрација не се впушта во испитување на вистинската етничка припадност на кандидатите. Во однос на прашањата на тестот поврзани во областа за адвокатурата како што е наведено од страна на подносителката на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација направи увид во листата на прашања од стручниот дел од испитот за административни службеници.[1] Од увидот, во листата на прашања се утврди дека постои прашање поврзано со дефинирање на поимот адвокатура. Листата на прашања е достапна јавно за сите посетители на интернет страницата на Агенцијата за администрација. Имајќи го во предвид ова, клучен момент во постапката за вработување е што кандидатката [redacted] **не го положила** стручниот дел од испитот за административни службеници што е критериум за следната фаза од постапката за вработување односно фазата за интервју на кандидатите согласно Законот за административни службеници.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно при постапката за вработување спроведена од страна на Агенцијата за администрација не се утврдува дискриминација. Агенцијата за администрација постапувала

[1] https://aa.mk/lista_na_prasanja_od_strucniot_del_od_ispitot_za_administrativni_sluzbenici.nspx

согласно Законот за администрација, почитувајќи ги фазите за селекција на кандидати и правилата на постапка. Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека правото на еднаков пристап до работа не е повредено од надлежниот орган при што на сите кандидати им било овозможено да аплицираат за работното место и да бидат бодувани согласно Законот за административни службеници. Од тие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје, 06.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted]
- Агенција за администрација на РСМ- ул. Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје